HALKBANK

Халкбанк АД Скопје е брзорастечка банка составена од тим од млади, амбициозни и мотивирани луѓе. Во согласност со нашата стратегија, ние сме секогаш отворени за нови, едуцирани, трудољубиви, високо мотивирани и талентирани кандидати за вработување.

Согласно тековните потреби, процеси и активности во Халкбанк АД Скопје, објавуваме оглас за прием и пополнување на следната работна позиција во Банката:

**Проценител - Референт**
**во Одделението за управување со колатерали**
**во Дирекција за кредитни и депозитни операции – Референца бр. 027/2025**

**Главни работни задачи:**

- Посета и увид на движен и недвижен имот и изработка на извештаи за процена за потребите на Банката;
- Ревизија, проверка и оценување на извештаи за изработени процени од страна на надворешни и внатрешни проценители;
- Комуникација со независни проценители и клиенти на банката за технички, процедурални и други прашања поврзани со обезбедувањето на банката;
- Анализа на пазарот и пазарното опкружување со цел добивање на информации за реализирани продажби, движење на цените на недвижностите и моторните возила вршење споредба на споредливи продадени имоти и моторни возила заради соодветно планирање и организирање на активностите поврзани со изработка на извештаи за процена;
- Давање на мислење и стручна помош од областа на процена на недвижен имот и моторни возила на вработените во Дирекцијата и на соодветни дирекции во рамки на Банката;
- Водење сметка за редовна наплата на надоместоците по основ на изработени процени, согласно утврдената Тарифа за надоместоци за вршење процена, од страна на Банката;
- Проверка на влезни фактури, добиени по основ на користење на услуга – вршење процени од надворешни проценители, нивна контрола и спроведување до Дирекција за сметководство за плаќање;
- Периодична посета на филијали, во врска со активности поврзани за процена на недвижен имот;
- Давање на предлози за унапредување на интерната регулатива/ процесите во рамките на Дирекцијата, делокругот на работење; и
- Други задачи делегирани од директорот на дирекцијата и секторот.

**Основните квалификации и барања кои кандидатот треба да ги исполнува за оваа позиција се:**

- Високо образование (диплома со завршено четиригодишно високо образование или диплома со 300 кредити според европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС));
- Најмалку пет години работно искуство во соодветната област по дипломирањето;
- Користење на MS-Office (Word, Excel и Microsoft Outlook);

- Поседување на лиценца за проценка на транспортни средства (возила) покрај лиценцата за процена на недвижност ќе се смета за предност;
- Поседување на соодветно работно искуство во бараната област;
- Задолжително поседување на возачка дозвола - Б категорија;
- Познавања на англиски јазик за континуирана комуникација, пишување и читање;

**Истовремено, кандидатот треба задолжително да ги поседува следните познавања и вештини:**

- Одлични комуникациски вештини;
- Спроведување на љубезна, смирена и учтива комуникација со клиенти;
- Познавање на  работа со компјутери и Windows оперативен систем;
- Желба за континуирано учење и адаптирање на нови технологии;
- Вештини за носење на одлуки под притисок и брз одговор на работните задачи (мултитаскинг);
- Професионален пристап кон работните обврски;
- Чесност и доверливост;
- Способност за тимска работа.

**Бенефиции:**
- Приватно здравствено осигурување;
- Политика за наградување преку системот на бонуси;
- Континуирани обуки за кариерен и професионален развој;
- Динамична работна средина;
- Продуктивно работно опкружување;
- Редовни тим билдинг и спортски активности и настани за дружење;

Доколку сте заинтересирани за позицијата, ве охрабруваме да аплицирате најдоцна до 1**5.07.2025 година** на следниов е-маил: **career@halkbank.mk со назнака: Референца Бр. 027/2025 –  Проценител - Референт во Одделението за управување со колатерали во Дирекција за кредитни и депозитни операции.**

За да аплицирате, потребно е да ни го доставите вашето резиме (CV) на англиски јазик. Со доставувањето на вашата апликација потврдувате дека прифаќате вашата апликација и лични податоци да бидат земени во предвид за идните потреби од нови вработувања на Банката во рок од 1 (една) година.

Доколку сакате да ја повлечете согласноста за чување и обработка на Вашите лични податоци за цели на идни нови вработувања во Банката, истото можете да го направите во секое време на следниот е-маил: **career@halkbank.mk.**

Само кандидатите кои ќе влезат во потесниот круг на селекција ќе бидат контактирани и повикани на тестирање на знаење и/или интервју.